Врз основа на член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 32 ставови 1, 2, 4 и 5 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11 ), Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, на седницата одржана на 11.05.2016 година, донесе

# С Т А Т У Т
# НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се уредуваат: називот и седиштето на установата, организацијата и начинот на вршење на дејноста, застапувањето и претставувањето, управувањето, работоводењето, надзорот, правата и обврските на корисниците на здравствената заштита, здравствената заштита во услови на вонредни и кризни состојби и во услови на штрајк, јавноста во работата и информирањето и постапката за донесување на статут и другите општи акти.

### Член 2

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје (во натамошниот текст: Универзитетска клиника) е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, овој статут и други општи акти.

Универзитетската клиника има својство на правно лице запишано во Централниот регистар на Република Македонија.

### Член 3

Универзитетската клиника работи самостојно во свое име и за своја сметка и во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства со кои располага.

### Член 4

Основач на Универзитетската клиника е Владата на Република Македонија.

## II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

### Член 5

Називот на здравствената установа го содржи името на: Република Македонија, Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје.

Скратениот назив на Универзитетската клиника е: Универзитетска клиника за кардиологија -Скопје

Седиштето на Универзитетската клиника е во Скопје, општина Центар ул. Водњанска бр.17.

### Член 6

Универзитетската клиника може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба или издвојување) само по претходна одлука на основачот, а согласно мрежата на здравствени установи.

**Член 7**

Универзитетската клиника има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со пречник од 3 см. и во него е напишан текстот: Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, а во средината е грбот на Република Македонија.

Универзитетската клиника може да има повеќе печати со иста содржина, кои се нумерирани.

Штембилот има правоаголна форма со димензии 5 см. во должина и 2 см. во ширина, во кој покрај место за бројот и датумот е запишано: Јавна здравствена установа Универзитетската клиника за кардиологија - Скопје.

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот се уредува со општ акт.

Универзитетската клиника има своја трансакциска сметка.

## III. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Член 8**

Универзитетската клиника ја застапува и претставува директорот.

Директорот, кој се состои од две лица и тоа организациски директор и медицински директор, е одговорен за законитоста во работењето на Универзитетската клиника и за обврските што се преземаат во правниот промет во согласност со надлежностите утврдени со закон.

Директорот со писмено овластување може да овласти вработено лице во Универзитетската клиника за вршење на определени работи од надлежност на директорот поврзани со застапувањето и/или претставувањето на Универзитетската клиника во негово отсуство.

## IV. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 9**

Во Универзитетската клиника се спроведува специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита и здравствена дејност на терцијарно ниво од обласа на кардиологијата,се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научно-истражувачка дејност.

Универзитетската клиника спроведува здравствена дејност на терцијарно ниво која опфаќа:

- вршење здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман,
- целосно и споредбено следење на развојот на одделни специјалности во државата и во други држави и изготвување на национални предлози за развој на одделни специјалности,
- подготовка за обликување на стручни упатства и национални предлози за развој на одделен вид здравствена дејност, односно здравствена специјалност и соработка при нивното спроведување,
- пренос на знаења и вештини од другите држави,
- пренос на знаења и вештини на здравствените установи на секундарно и примарно ниво,
- истражување и проверување на нови методи за спречување, откривање, лекување, здравствена нега и медицинска рехабилитација на здравствените состојби и
- советување и помош за стручно-медицински прашања на здравствени установи на секундарно и примарно ниво, Министерството за здравство, коморите и Фондот.

Универзитетската клиника врши здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман од специјалноста по кардиологија, изградува и спроведува стручно-медицински доктринарни критериуми во својата област и укажува стручно-методолошка помош на здравствените установи од соодветната гранка на медицината, како и обезбедување со лекови на болнички третираните пациенти.

Универзитетската клиника спроведува специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво за видовите здравствена дејност за кои врши болничка здравствена дејност, а која опфаќа:

- амбулантски прегледи со упат од избраниот лекар или друг лекар специјалист,
- здравствени третмани кои се вршат на секундарно ниво и
- дејност на дневна болница за третман на пациентот, според кој за здравствените услуги за дијагностика, терапија, нега и рехабилитација кои се вршат на секундарно ниво е потребно сместување на болните само во определено време во текот на денот.

Во специјалистичко-консултативната дејност се вршат специјалистички прегледи, испитувања и утврдување на заболувањата, повредите и здравствената состојба на корисниците на здравствени услуги, спроведува специјализирани дијагностички, терапевтски и рехабилитациони постапки, дава специјалистички мислења и предлози, врши други здравствени услуги предвидени во прописите за здравствената заштита и здравственото осигурување или по барање на корисникот на услугите.

Во болничката дејност Универзитетската клиника врши испитување на здравствената состојба, дијагностицирање, лекување и сместување на болните во стандардни болнички услови, обезбедува постојан специјалистички надзор, примање и згрижување на итни медицински случаи, според потребата обезбедува конзилијарна медицинска помош, обезбедува лекови и помошни медицински материјали потребни за лекување, учествува во спроведувањето на посебни програми за спречување, сузбивање и рано откривање на заболувањата и повредите, дава упатства за домашно лекување, обезбедува здравствено воспитување на лицата на кои им се пружа болничка здравствена заштита, пружа стручна помош на другите здравствени установи и обезбедува стручно усовршување на здравствените работници.

На болните сместени во Универзитетската клиника им се обезбедува стандардна болничка исхрана во зависност од здравствената состојба на пациентите - корисници на болничките услуги.

Универзитетската клиника образовната и научноистражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на медицинскиот факултет за спроведување на студиските програми.

Универзитетската клиника може да ја измени и прошири дејноста само во согласност со основачот.

**Член 10**

Универзитетската клиника ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно Законот за здравствената заштита, овој статут и други прописи.

Универзитетската клиника, во рамките на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги за осигурените лица согласно Законот за здравственото осигурување под услови и начин утврдени со прописите од здравствената заштита и здравственото осигурување.

Универзитетската клиника може да укажува здравствени услуги и на пациенти кои здравствените услуги ги плаќаат со лични средства доколку ги исполни условите утврдени со Законот за здравствената заштита.

## V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 11**

Организацијата на работата на Универзитетската клиника се заснова врз начелата на достапност, рационалност, ефикасност и континуираност на здравствената заштита.

Во Универзитетската клиника согласно со начелата од став 1 на овој член се организираат внатрешни организациони единици кои преставуваат организационо-техничка целина за вршење на дејностите од член 9 на овој статут и тоа:

- оддел за дијагностика,
- оддел ургентна амбуланта и дневна болница,
- оддел за интензивна нега,
- оддел за болничко лекување 1 (коронарна артериска болест и аритмии),
- оддел за болничко лекување 2 (вродени и стекнати срцеви мани, воспалителни заболувања, периферна артериска болест, артериска хипертензија и кардиомиопатии),
- оддел за интервентна кардиологија,
- оддел за електрофизиологија и електростимулација.

За вршење на правни, сметководствено-финансиски, административно-стручни и општи работи во Универзитетската клиника се организираат внатрешни организациони единици согласно прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор.

Работата во Универзитетската клиника се организира и тоа:

- во специјалистичко-консултативната здравствена дејност со организирање на работата во една или две смени и со прилагодување на работното време, а во согласност со потребите на населението и
- во болничката здравствена дејност со организирање во една или повеќе смени и посебни услови на работа (дежурство и постојана приправност), а во согласност со потребите на населението, при што треба да се обезбеди континуирано вршење на здравствената дејност во текот на 24 часа, седум дена во неделата во текот на годината.

**Член 12**

Делокругот на работа на внатрешните организациони единици и систематизација на работните места на Универзитетската клиника се уредува со општ акт за внатрешна организација и систематизација на работните места согласно со член 11 од овој статут.

**Член 13**

Во Универзитетската клиника, се имплементира Националниот систем за електронско закажување на интервенции и прегледи „Мој термин“ заради креирање на термините (време за прием) за преглед на пациенти и за вршење на прегледи на пациентите врз основа на добиениот Е-упат.

**Член 14**

Во Универзитетската клиника на видно место се истакнува Протоколот за хоспитална култура заради запознавање на вработените со принципите на постапување и однесување содржани во Протоколот.

## VI. УПРАВУВАЊЕ

**Член 15**

Со Универзитетската клиника управува Управен одбор.

Управниот одбор го сочинуваат пет члена од кои двајца претставници од редот на стручните и компетентни лица во Универзитетската клиника кои ги избира стручниот орган и тројца претставници на основачот.

**Член 16**

За член на управен одбор може да биде именувано лице кое има најмалку високо образование и има најмалку пет години работно искуство во областа на здравството, економијата или правото.

За член на управниот одбор не може да биде именувано лице кое покрај во случаите утврдени со Законот за установите, е вработено или поседува акции во правни лица кои вршат производство или промет со лекови, медицински помагала, односно медицинска опрема, блиско лице на член на управен одбор и во други случаи утврдени со прописите од областа на спречувањето на судирот на интереси.

За член на управниот одбор не може да биде избран директорот.

**Член 17**

Член на управен одбор на Универзитетската клиника и директорот не може да имаат лично, преку трето лице или по било која основа интереси во Универзитетската клиника, кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во раководењето, односно управувањето во установата**.**

Секој член на органот на управување, односно директорот на Универзитетската клиника, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај членовите на органот на управување, односно кај директорот.

**Член 18**

Управниот одбор на Универзитетската клиника ги врши следните работи:

- донесува статут и други општи акти на Универзитетската клиника и го следи нивното извршување,
- донесува финансиски план и го разгледува и утврдува буџетот на Универзитетската клиника, на предлог на директорот,
- ја разгледува и усвојува завршната сметка,
- донесува Програма за работа и за инвестициони вложувања врз основа на утврдени здравствени приоритети,
- ги разгледува договорите со Фондот за здравственото осигурување на Македонија, за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварувања на здравствената заштита на населението,
- го усвојува годишниот извештај за работа на Универзитетската клиника,
- распишува конкурс за директор на Универзитетската клиника,
- донесува одлука за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување), со претходна согласност на основачот ,
- избира постојани и повремени комисии,
- донесува одлука за висината на трошоците за полагање на стручните испити на здравствените работници со завршено средно, више и високо стручно образование,
- одобрува службени патувања во странство и го определува времетраењето на патувањето,
- донесува четиригодишна програма за стручно усовршување во која се содржани и потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри за секоја година посебно, согласно програмата за потребата од специјалистички кадри донесена од министерот за здравство.
- донесува одлука за упатување на специјализација и супспецијализација и на друга едукација на вработените,
- донесува План за јавни набавки,

- одлучува за евентуалниот вишок на приходи над расходите кој Универзитетската клиника ги остварил со вршење на дејноста на пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства да се намени за развој на здравствените услуги и здравствената дејност,
- донесува годишна програма за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита на Универзитетската клиника,
- усвојува годишен извештај за спроведување на активностите утврдени со програмата за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита,
- врши и други работи утврдени со закон, колективен договор и овој статут.

**Член 19**

Членовите на управниот одбор на првата седница избираат претседател и заменик претседател на управниот одбор, со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на управниот одбор.

**Член 20**

Мандатот на членовите на управниот одбор трае четири години, со можност за повторен избор за уште еден мандат од четири години.

**Член 21**

Членот на управниот одбор на Универзитетската клиника може да се разреши пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи:

- ако престанал основот врз кој е именуван;
- отсуствува од седниците на управниот одбор неоправдано најмалку два пати годишно;
- дополнително се утврди дека е блиско лице на член на управен одбор, како и во други случаи утврдени со прописите од областа на спречувањето на судирот на интереси;
- дополнително се утврди дека има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност;
- несовесно или неефикасно ги извршува обврските во управниот одбор и
- работи спротивно на одредбите од овој статут.

На членот на управен одбор на Универзитетската клиника му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е именуван:

- на негово барање и
- ако настане трајна или привремена неспособност за непречено вршење на функцијата или во случај на смрт.

**Член 22**

Управниот одбор на Универзитетската клиника работи и одлучува на седници на кои се води записник.

Работата на управниот одбор е јавна.

Седницата ја свикува претседателот на управниот одбор по потреба, а задолжително кога тоа го бара директорот или стручниот колегиум на Универзитетската клиника или 10% од вработените.

**Член 23**

Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, а за работите од јавен интерес одлучува со мнозинство гласови на претставниците на основачот и тоа:

- донесување на статут,

- донесување на одлука за промени на видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба или издвојување),
- донесување на програма за работа и финансиски план,
- усвојување на завршната сметка и
- усвојување на извештајот за работа.

**Член 24**

Директорот на Универзитетската клиника има право и должност да учествува во работата на управниот одбор, во подготвувањето на седниците на управниот одбор, да укажува на законитоста на работата на управниот одбор, без право на одлучување.

**Член 25**

Со Деловникот за работа што го донесува управниот одбор, поблиску се уредува начинот на неговата работа.

## VII. ДИРЕКТОР

**Член 26**

За работоводен орган на Универзитетската клиника (во натамошниот текст: директор) се именуваат двајца директори и тоа организациски директор и медицински директор кои се одговорни за работењето на Универзитетската клиника и за обврските што се преземаат во правниот промет во согласност со надлежностите утврдени со Законот за здравствената заштита или друг закон, подзаконските акти и менаџерскиот договор.

За директор на Универзитетската клиника се именува лице кое ги исполнува условите утврдени во закон.

**Член 27**

Директорот на Универзитетската клиника се именува врз основа на јавен конкурс кој го распишува управниот одбор.

Директорот го именува, односно разрешува министерот за здравство.

Мандатот на директорот трае четири години.

**Член 28**

Конкурсот за именување на директор го распишува управниот одбор на Универзитетската клиника три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор.

Конкурсот се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Рокот за пријавување на конкурсот трае 15 дена.

Во конкурсот се наведуваат условите што треба да ги исполнуваат кандидатите и документите што треба да ги доставaт.

**Член 29**

Конкурсот за именување на директор го спроведува Конкурсна комисија составена од три члена која ја избира управниот одбор од редот на вработените во Универзитетската клиника.

Конкурсната комисија е должна во рок од осум дена од денот на истекот за поднесување на пријавите по конкурсот, пријавите со целокупната документација да ги достави до Министерството за здравство.

**Член 30**

Медицинскиот директор е самостојно надлежен и одговорен особено за:

- организација на работата на здравствените работници и здравствените соработници,
- унапредување на дијагностичко-терапевтските постапки и квалитетот на здравствените услуги,
- примена на стручните упатства за медицина заснована на докази,
- економичност во укажувањето на здравствените услуги и
- врши и други работи предвидени со закон, колективниот договор, овој статут, другите општи акти на Универзитетската клиника и менаџерскиот договор.

Организацискиот директор е самостојно надлежен и одговорен особено за:

- организацијата на работа во делот на работата на вработените во јавната здравствена установа кои не се здравствените работници и здравствените соработници,
- контрола на почитувањето на работното време од страна на сите вработени во јавната здравствена установа,
- материјално-финансиското работење на јавната здравствена установа,
- материјалното сметководство,
- одлучување за правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос на вработените во јавните здравствени установи,
- снабденост на јавната здравствена установа со потрошни материјали,
- наплата на сопствени приходи на јавната здравствена установа и
- наплата на учеството на осигурениците со лични средства во цената на здравствените услуги во јавната здравствена установа и
- врши и други работи предвидени со закон, колективниот договор, овој статут, другите општи акти на Универзитетската клиника и менаџерскиот договор.

Медицинскиот и организацискиот директор се заеднички надлежни и одговорни за сè она што не е во исклучива надлежност на медицинскиот или организацискиот директор, а особено:

- за изготвување на предлог на план за јавни набавки и доставување до управниот одбор на јавната здравствена установа на донесување, како и за планирање, одлучување, потпишување на договори за јавни набавки,
- следење и реализација на јавните набавки за потребите на јавната здравствена установа,
- за вработување во јавната здравствена установа,
- за престанок на работен однос на здравствените работници,
- распоред на здравствените работници и здравствените соработници во смени и определување на групи за работа и
- за донесување на решенија за наградување на сите вработени во јавните здравствени установи.
- обезбедува да бидат креирани најмалку онолку термини колку што секој здравствен работник извршил интервенции или прегледи на пациенти во претходниот месец,
- се грижи да бидат обезбедени доволен број на термини за интервенции и прегледи на пациенти во Националниот систем за електронско закажување на интервенции и прегледи „Мој термин“,
- учествува во работата на управниот одбор без право на одлучување,
- одобрува службени патувања во земјата и го определува времетраењето на патувањето,
- издава наредби за почитување на куќниот ред,
- организира и врши контрола на користењето и одржувањето на основните средства, а особено на медицинската опрема,
- ја организира и води работата во услови на вонредна состојба, кризна состојба и во услови на штрајк,

- склучува договори за извршување на здравствени услуги со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со кој се уредува видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, начинот на пресметување и плаќање на здравствени услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот;
- предлага членови за формирање на Комисии пред кои здравствените работници со завршено средно, више и високо стручно образование треба да го полагаат стручниот испит
- донесува решенија за изрекување на дисциплински мерки за дисциплинска неуредност против здравствениот работник, односно здравствениот соработник по претходен писмен извештај од непосредно претпоставениот здравствен работник, односно здравствен соработник, а за очигледна дисциплинска неуредност изрекува дисциплинска мерка без претходен писмен извештај,
- формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап,
- формира комисија за утврдување на материјална одговорност на здравствени работници, односно здравствени соработници, и донесува решение за надомест на штета,
- склучува договор со специјализантот на кого му е одобрена специјализација за уредување на меѓусебните права и обврски во однос на реализацијата на специјализацијата,
- обезбедува непречено функционирање на Националниот систем за електронско закажување на интервенции и прегледи „Мој термин“,
- постапува по усни и писмени поплаки поднесени од пациенти согласно Законот за заштита на правата на пациентите и ги разгледува приговорите од корисниците на здравствената заштита за укажаната здравствена заштита,
- се грижи за спроведување на Протоколот за хоспитална култура,
- донесува ценовник за здравствените услуги што се даваат на странци и
- врши и други работи предвидени со закон, колективниот договор, овој статут, другите општи акти на Универзитетската клиника и менаџерскиот договор.

Правата и обврските меѓу директорот и работодавачот се уредуваат со менаџерски договор кој особено содржи показатели на успешност кои директорот треба да ги оствари.

**Член 31**

Во извршувањето на работите од својата надлежност директорот донесува: наредби, упатства, решенија, налози и други поединечни акти.

**Член 32**

Директорот на Универзитетската клиника е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата до министерот за здравство, во кој особено е должен да достави податоци за извршениот вид и обем на здравствени услуги и за финансиското работење на Универзитетската клиника.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеца.

Ако и по истекот на наредните шест месеца директорот не ги отстрани утврдените недостатоци и во тој период повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење, министерот за здравство ќе го разреши директорот и ќе именува вршител на должноста директор, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеца.

Ако директорот не спроведе постапка за јавна набавка на лекови, потрошен медицински материјали и медицински помагала и/или не ги спроведува прописите кои

се однесуваат на санитарно - хигиенските услови во здравствените установи ќе се постапи согласно член 110 од Законот за здравствената заштита.

**Член 33**

Директорот на Универзитетската клиника може да биде разрешен од министерот за здравство пред истекот на времето за кое е именуван во случаи утврдени со закон.

**Член 34**

Директорот доколку утврди неправилности во укажувањето на здравствената заштита во Универзитетската клиника должен е да преземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира и стручна комисија за разгледување на одреден случај.

## VIII. СТРУЧЕН ОРГАН

**Член 35**

Универзитетската клиника има Стручен колегиум кој е стручен орган на Универзитетската клиника.

Стручниот колегиум го сочинуваат:

- Директорот (организациски директор и медицински директор),
- Раководителите на внатрешните организациони единици и
- Главната медицинска сестра.

Во работата на Стручниот колегиум, кога се расправа за работи кои се однесуваат на вршењето на немедицинската дејност, можат да учествуваат и други лица вработени во Универзитетската клиника, определени од директорот.

**Член 36**

Стручниот колегиум ги врши следните работи:

- се грижи за стручната работа на Универзитетската клиника,
- одлучува за стручни прашања во рамките на овластувањата утврдени со закон, колективен договор, овој статут и другите општи акти на Универзитетската клиника,
- дава мислење на Програмата за работа,
- дава мислење и предлози на директорот во поглед на организацијата на работата од аспект на вршењето на стручната работа и условите за работа и развој на дејноста,
- утврдува потреба за упатување на специјализација, супспецијализација и стручно усовршување - едукација на високостручни работници доколку со закон не е поинаку уредено,
- ги предлага на директорот потребите за набавка на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал кои се потребни за вршење на здравствената дејност на Универзитетската клиника согласно со програмата за работа,
- го разгледува предлог статутот и предлозите на другите општи акти,
- донесува Деловник за работа,
- предлага на директорот членови за Комисии за полагање на стручни испити на здравствени работници со средно, више и високо стручно образовани,
- изготвува предлог на годишна програма за следење и унапредување на квалитетот на работата на Универзитетската клиника и истата ја доставува до управниот одбор на усвојување најдоцна до 30 ноември од тековната за наредната година,

- изготвува мислење врз основа на анализа на медицинската документација за причините на смртта на секој пациент кој умрел во Универзитетската клиника и
- врши и други работи утврдени со закон, овој статут и општите акти.

**Член 37**

Стручниот колегиум работи на седници кои ги свикува директорот или по барање на некој од членовите на стручниот колегиум на Универзитетската клиника.

Начинот на работата на стручниот колегиум се уредува со Деловник за работа.

## IX. ЛЕКАРСКИ КОЛЕГИУМ, КОМИСИИ И ДРУГИ РАБОТНИ ТЕЛА

**Член 38**

Со цел за унапредување на вештините и знаењата на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите преку размена на искуства и мислења за конкретни случаи, Универзитетската клиника најмалку еднаш неделно организира наменски лекарски колегиуми на кои задолжително присуствуваат сите доктори на медицина, специјалистите, односно супспецијалистите вработени во Универзитетската клиника, како и други лица кои ќе ги одреди медицинскиот директор на Универзитетската клиника.

На лекарските колегиуми задолжително се претставуваат и разгледуваат конкретните случаи со компликации, посложените случаи кои биле третирани во претходниот период, новите методи во давањето на здравствени услуги, како и други случаи за кои лекарскиот колегиум ќе оцени дека можат да придонесат за унапредување на вештините и знаењата на докторите на медицина, а неизнесувањето на случаите на компликации или необразложувањето на новите методи во давањето на здравствени услуги од страна на присутните на лекарскиот колегиум претставува дисциплински престап. По барање на докторот на медицина, докторот на медицина кој го упатува пациентот или избран лекар на лекарски колегиум се разгледува и секој случај што тој смета дека е специфичен или има потреба да биде разгледан.

Лекарските колегиуми ги свикува и со нивната работа раководи медицинскиот директор на здравствената установа или доктор на медицина кој тој ќе го овласти. За одржаните лекарски колегиуми се води записник во писмена форма и/или во форма на електронски видео или аудио запис.

Покрај лекарските колегиуми од ставот 1 на овој член, во одделите на Универзитетската клиника секојдневно, по правило, во текот на утринските часови во работните денови се одржуваат состаноци на кои се презентираат и разгледуваат случаите кои се закажани за тој ден или за следниот ден и на кој присуствуваат сите доктори на медицина, специјалисти и супспецијалисти вработени во Универзитетската клиника.

Управниот одбор на Универзитетската клиника за проучување на стручни и други прашања може да формира постојани и повремени комисии и други работни тела.

Мандатот на членовите на постојаните комисии трае додека трае мандатот на членовите на Управниот одбор.

Со деловникот за работа што го донесуваат комисиите, поблиску се утврдува начинот на нивната работа.

Надлежноста, составот, начинот на работата и другите прашања поврзани со работа на комисиите и работните тела се уредуваат со актот за нивното формирање.

**Член 39**

Во Универзитетската клиника, се формираат внатрешни тела како постојани комисии и тоа:

1) Комисија за квалитет и
2) Комисија за етички прашања која расправа за прашања на медицинската етика.

Комисијата од став 1 точка 1) од овој член се формира заради следење и унапредување на квалитетот на здравствена заштита преку следење на индикаторите за квалитет заради зголемување на можностите за најповолен исход на лекување и намалување на ризиците од несакани последици по здравјето и здравствената состојба на пациентите и е составена од пет члена од кои три се здравствени работници со високо образование, еден е здравствен работник со средна, виша или висока стручна подготовка, а еден е претставник од здруженијата на пациенти.

Комисијата за квалитет ги врши следните работи:

- собира, обработува и чува податоци поврзани со индикатори за квалитет,
- учествува во надворешното следење на квалитетот,
- спроведува активности во врска со подготовка на постапката за акредитација и
- соработува со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи во спроведување на програмата за следење и унапредување на квалитетот на здравствената дејност.

Комисијата од став 1 точка 2) од овој член се формира заради разгледување на етички прашања кои произлегуваат од вршење на дејноста на Универзитетската клиника, а се поврзани со медицинската етика и деонтологија и се состои од три члена: претседател и два члена кои се избираат од редот на стручните и компетентни здравствени работници.

Членовите на комисиите имаат еднаков број на заменици кои ги исполнуваат истите услови како и членовите на комисиите.

**Член 40**

Постојаните и повремените комисии за својата работа му одговараат на Управниот одбор, односно директорот и поднесуваат извештај најмалку еднаш годишно или по завршената работа.

Повремените комисии се формираат по потреба.

## X. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПАЦИЕНТИТЕ - КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

**Член 41**

Пациентите - корисници на здравствените услуги во Универзитетската клиника имаат права уредени со прописите за здравствената заштита, здравственото осигурување, заштита на правата на пациентите и други прописи од областа на здравството.

Универзитетската клиника при укажување на здравствена заштита на пациентите во целост ги применува одредбите на Законот за здравствената заштита, Законот за здравствено осигурување, Законот за заштита на правата на пациентите и другите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони.

**Член 42**

Пациентите - корисници на здравствените услуги во Универзитетската клиника имаат обврска да го почитуваат куќниот ред на Универзитетската клиника, да ги почитуваат советите и инструкциите на здравствените работници и на другите вработени во Универзитетската клиника, како и други обврски уредени со Законот за заштита на правата на пациентите.

Корисниците на здравствените услуги имаат право на приговор / поплака до директорот во врска со остварувањето на правата од здравствената заштита и здравственото осигурување.

Универзитетската клиника во грижата за остварувањето на заштитата на правата на пациентите обезбедува правна помош и правни совети преку советник за заштита на правата на пациентите.

**Член 43**

Универзитетската клиника е должна да се грижи за заштитата на правата на пациентите и да дава правни совети и правна помош на пациентите во однос на остварувањето на заштита на нивните права согласно со Законот за заштита на правата на пациентите.

## XI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 44**

Универзитетската клиника во рамките на својата дејност е должна да го прими пациентот - корисникот и да му ја укаже потребната здравствена услуга.

При укажување на здравствената заштита здравствените работници и здравствените соработници се должни својата работа да ја вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно, непристрасно, да не се раководат од свои лични финансиски интереси, да не ги злоупотребуваат овластувањата и статусот што го имаат како здравствен работник односно здравствениот соработник, и да го штитат личниот углед и угледот на установата во која се вработени.

Здравствените работници и здравствените соработници се должни да го почитуваат единствениот систем за закажување на здравствени услуги „Мој термин“ и принципите на постапување и однесување содржани во Протоколот за хоспитална култура.

При укажување на здравствената заштита, здравствените работници и здравствените соработници се должни да се грижат за корисниците на кои им се укажува здравствена заштита, да го почитуваат нивното достоинство, да се придржуваат на медицинската етика и медицинската доктрина и да ја чуваат професионалната тајна, како и да ги почитуваат и другите права на пациентите и исполнуваат обврските уредени со Законот за заштита на правата на пациентите.

На водењето, чувањето, собирањето и располагањето со медицинската документација се применуваат одредбите од прописите од областа на евиденциите од областа на здравството, заштитата на правата на пациентите и заштитата на личните податоци.

Здравствените работници и здравствените соработници имаат права и должности уредени и со други закони.

**Член 45**

Вработените во Универзитетската клиника кои користат медицинска документација се должни да ги чуваат податоците од документацијата како професионална тајна, како и да ги почитуваат и другите права на пациентите уредени со Законот за заштита на правата на пациентите.

Професионалната тајна се должни да ја чуваат и сите други лица кои за време на вршењето на својата должност ќе дознаат податоци за здравствената состојба на пациентот.

## XII. НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 46**

Надзор над законитоста на работата, надзорот над стручната работа и инспекциски надзор во Универзитетската клиника се врши согласно Законот за здравствената заштита.

Универзитетската клиника организира вршење на внатрешен надзор над стручната работа на своите здравствени работници и здравствени соработници на начин утврден со општ акт, согласно Законот за здравствената заштита.

## XIII. ОДГОВОРНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 47**

Во Универзитетската клиника вработените здравствени работници и здравствени соработници, доколку се утврди во одредена постапка, одговараат за штетата што во вршењето на дејноста од јавен интерес ќе им ја причинат на корисниците на здравствените услуги, ако се утврди дека штетата е направена намерно или од нестручно работење.

Ако здравствениот работник, односно здравствениот соработник претрпи штета на работа или во врска со работата, Универзитетската клиника е должен да му ја надомести штетата согласно со закон.

## XIV. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА

**Член 48**

Универзитетската клиника стекнува средства за работа:

- со плаќања за извршените здравствени услуги, односно од програмите на здравствени услуги врз основа на договор со Фондот,
- со плаќања за извршените мерки, активности и здравствени услуги од програмите од член 16 од Законот за здравствената заштита,
- со плаќања на здравствени услуги од здравствената дејност на пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства,
- со учество со лични средства на осигурените лица за здравствените услуги опфатени со задолжителното здравствено осигурување, односно со доплати за повисок стандард за здравствени услуги, согласно со прописите од областа на здравственото осигурување,
- од средствата на осигурителните друштва кои вршат доброволно дополнително здравствено осигурување,
- од средствата на основачот наменети за инвестиции и други работи,
- од донации и подароци и
- од други извори, под услови утврдени со закон.

Универзитетската клиника самостојно управува со имотот и ги користи стварите, финансиските средства и другите материјални права потребни за вршење на дејноста, согласно закон.

**Член 49**

Доколку Универзитетската клиника престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските му припаѓаат на основачот.

## XV. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВОНРЕДНИ УСЛОВИ, КРИЗНИ СОСТОЈБИ И ВО УСЛОВИ НА ШТРАЈК

**Член 50**

Универзитетската клиника е должен да изготви планови за заштита при кризни и вонредни случаи и околности.

Универзитетската клиника во согласност со Министерството за здравство е должен во општите акти, во согласност со закон, да ги утврди своите задачи за обезбедување на здравствена заштита во вонредни услови и кризни состојби (природни и други тешки несреќи и вонредни состојби).

Универзитетската клиника е должен да обезбеди средства за резерва на лекови и санитетски материјални средства, кадри и други потреби за работа во условите од став 1 на овој член.

**Член 51**

Во вонредни услови и кризни состојби Универзитетската клиника е должен да ја приспособи својата организација на работа, да презема мерки за непречена работа и за отстранување на последиците од таквата состојба.

При планирање и вршење на работите во вонредни услови Универзитетската клиника соработува со припадниците на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, Црвениот крст на Македонија и други субјекти.

**Член 52**

Вработените во Универзитетската клиника правото на штрајк можат да го остварат под услови да не се доведува во опасност животот и здравјето на граѓаните кои бараат здравствена заштита.

Во понатамошната постапка во случај на штрајк ќе се применуваат во целост прописите од оваа област.

**Член 53**

Заради отстранување на штетните последици кои можат да настанат од неукажување на здравствени услуги за време на штрајк, директорот е должен да обезбеди итна медицинска помош и минимална функција на сите организациони делови во процесот на работата.

Врз основа на преземените мерки од став 1 на овој член вработените се должни да постапуваат по соодветните наредби.

Одлуките донесени врз основа на став 1 на овој член траат до престанувањето на условите кои довеле до нивно воведување.

Доколку вработените не постапат согласно став 2 на овој член директорот е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување на соодветни профили на вработените.

Вработените од став 2 на овој член кои не ги извршуваат работните обврски вршат потешка повреда на работната дисциплина која претставува основ за престанок на работниот однос.

## XVI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 54**

Работата на Универзитетската клиника е јавна.

Јавноста во работата на Универзитетската клиника се обезбедува преку:

- присуство на претставниците на средствата за јавно информирање на седниците на управниот одбор по претходно добиено одобрение,
- со издавање соопштенија за работата или /и информативен билтен на Универзитетската клиника,
- овозможување на контакти на претставници на медиумите со директорот на Универзитетската клиника или по негово овластување со стручни лица од соодветна област вработени во Универзитетската клиника и
- информирање и на друг начин во согласност со закон, овој статут и другите општи акти на Универзитетската клиника.

**Член 55**

Јавноста во работата на Универзитетската клиника се обезбедува и преку објавување во средствата за јавно информирање или на интернет на следните податоци:

- назив и адреса на Универзитетската клиника,
- вид на здравствената дејност која ја врши Универзитетската клиника во рамките на мрежата,
- ниво на здравствена заштита, дејност и специјалност,

- обученост и квалификации на здравствените работници,
- работно време на Универзитетската клиника,
- ценовник на здравствени услуги и
- лого, односно заштитен знак на Универзитетската клиника.

Податоците од став 1 на овој член се објавуваат согласно дозволата за работа на Универзитетската клиника.

**Член 56**

Информирањето на вработените во Универзитетската клиника за поважните прашања од работата на Универзитетската клиника се врши преку огласна табла и/или на друг начин утврден со закон.

## XVII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ И НА ДРУГИ ОПШИ АКТИ

**Член 57**

Иницијатива за покренување на постапка за донесување на статутот и на другите општи акти на Универзитетската клиника како и нивно изменување и дополнување можат да поднесат управниот одбор, директорот и стручниот колегиум на Универзитетската клиника.

Иницијативата се поднесува до управниот одбор на Универзитетската клиника.

**Член 58**

Статутот и општите акти на Универзитетската клиника ги изготвува посебна комисија составена од три члена со еднаков број на заменици која ја формира Управниот одбор.

Комисијата од став 1 на овој член го утврдува предлогот на статутот и другите општи акти и ги доставува до стручниот колегиум на разгледување.

Утврдениот текст на статутот и на другите општи акти, согласно мислењето од стручниот колегиум, комисијата од став 1 на овој член го доставува до управниот одбор.

Општите акти на Универзитетската клиника ги донесува управниот одбор со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, а статутот и другите акти од јавен интерес, ги донесува Управниот одбор со мнозинство на гласови и од претставниците на основачот.

Општите акти се објавуваат на огласната табла на Универзитетската клиника и/или на друг начин утврден со закон.

Изменување и дополнување на статут и на другите општи акти, се врши на начин и постапка предвидена за донесување на статутот и општите акти на Универзитетската клиника.

Статутот се доставува до Министерството за здравство за добивање на согласност по неговото донесување од управниот одбор на Универзитетската клиника.

Толкување на одредбите од овој статут и општите акти дава Управниот одбор на Универзитетската клиника.

**Член 59**

За уредување на прашањата од значење за работата на Универзитетската клиника се донесуваат општи акти кои се однесуваат на:

- правата, обврските и одговорностите на вработените во Универзитетската клиника,
- внатрешната организација на Универзитетската клиника и систематизацијата на работните места,
- стручното оспособување и усовршување на вработените,
- начинот на користењето и одржувањето на медицинската опрема,

- начинот и содржината на спроведувањето на внатрешниот надзор над стручната работа на здравствените работници и здравствените соработници,
- начинот и постапката за прием на пациентите - корисници при укажување на здравствената заштита,
- безбедноста и здравје при работа,
- здравствената заштита во вонредни услови, кризни состојби и во услови на штрајк,
- деловната и професионалната тајна и
- други општи акти утврдени со закон и колективен договор.

**Член 60**

Универзитетската клиника, зависно од дејноста што ја врши, е должна со општ акт особено да ги уреди следниве прашања: организацијата и начинот на укажување на итната медицинска помош, начинот на користење и одржување на медицинската опрема, негата на болните, начинот и постапката за прием на пациентите при укажување на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, начинот и содржината на спроведувањето на внатрешниот надзор над стручната работа над здравствените работници и здравствените соработници и видот и начинот на користење на работната и заштитната облека на здравствените и другите работници.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут ќе се донесат сите општи акти на Универзитетската клиника.

Општите акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Универзитетската клиника.

**Член 62**

Универзитетската клиника е регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.30120080054193, врз основа на решение ЕМБС 6259723 од 11.07.2008 година.

**Член 63**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Универзитетската клиника, бр.02-412/3 од 28.02.2011 година.

**Член 64**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Универзитетската клиника, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за здравство.

број 01-895/1

датум 11.05.2016 година

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА**
**ЗА КАРДИОЛОГИЈА**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**претседател**
Проф.Др.Митко Ќаев